**20211242024**

## ДИРЕКЦИЈА ЗА РАДИЈАЦИОНА СИГУРНОСТ

Врз основа на член 26-д став 1 точка 4) од Законот за заштита од јонизирачко зрачење и радијациона сигурност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 48/02, 135/07, 53/11, 164/13, 43/14, 149/15, 37/16 и 83/18), директорот на Дирекцијата за радијациона сигурност, донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА БАРАЊЕТО ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ДОЗВОЛАТА ЗА ВРШЕЊЕ НА ДЕЈНОСТ СО ИЗВОРИ НА ЈОНИЗИРАЧКО ЗРАЧЕЊЕ, ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА ДОЗВОЛАТА И ЗА НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ДОЗВОЛАТА

Член 1

Во Правилникот за формата и содржината на образецот на барањето за издавање на дозволата за вршење на дејност со извори на јонизирачко зрачење, формата и содржината на образецот на дозволата и за начинот и постапката за издавање на дозволата („Службен весник на Република Македонија” бр. 157/09), во член 5 став 3 точката 1 се менува и гласи:

„1. тековна состојба издадена од Централен регистар на Република Северна Македонија, не постара од шест месеци.“

Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 01-91/4
3 јуни 2021 година
Скопје

Директор,
**Светислав Ѓорѓевиќ,** с.р.